**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 06. 11. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5443 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 до 31 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Во периодот од 22 до 31 октомври 2016 година, предмет на мониторингот на известувањето во дневно-информативните емисии се десет изданија на Вестите од 17:30 часот на ТВ Алфа. Притоа, анализираниот примерок има вкупно времетраење од 4 часа 13 минути и 40 секунди, од кои на

информативните жанрови - извештаи, вести, изјави, интервјуа - отпаѓаат 3 часа 39 минути и 19 секунди (Табела 1), а на аналитичките жанрови (коментар и неговиот подвид осврт) – 34 минути и 21 секунда. Освен за дневно-политичките случувања, со акцент на политичките партии и другите политички субјекти, ТВ Алфа информира и за проблеми и прашања важни за граѓаните на локално ниво (Охрид, Тетово, Прилеп, Лабуништа, Штип), или за други теми кои можат да го побудат интересот на граѓаните (на пример, репортажа за амазонското село кое се вика Македонија).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ АЛФА | Траење | Процент |
|---|---|---|
| ДИК и други органи | 00:04:20 | 1,98 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:26:09 | 11,92 % |
| Други субјекти | 00:35:12 | 16,05 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:17:54 | 8,16 % |
| СДСМ | 00:19:15 | 8,78 % |
| Локална самоуправа | 00:10:27 | 4,76 % |
| Влада на РМ | 00:29:37 | 13,50 % |
| Граѓански сектор | 00:13:22 | 6,09 % |
| Без субјекти | 00:13:47 | 6,28 % |
| Специјално обвинителство | 00:04:07 | 1,88 % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:28 | 1,58 % |
| Собрание на РМ | 00:01:42 | 0,78 % |
| Претседател на РМ | 00:04:45 | 2,17 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:23 | 0,17 % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:23 | 0,17 % |
| ДПА-ДР | 00:00:50 | 0,38 % |
| Беса | 00:00:50 | 0,38 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:19:27 | 8,87 % |
| Јавно обвинителство | 00:02:31 | 1,15 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:29 | 0,68 % |
| Судство | 00:01:14 | 0,56 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:41 | 0,31 % |
| ГДОМ | 00:00:51 | 0,39 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:30 | 1,14 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:56 | 0,43 % |
| Демократски сојуз | 00:00:49 | 0,37 % |
| Привремена комисија | 00:02:20 | 1,06 % |
| | **Вкупно: 03:39:19** | **100 %** |

Во најголем дел од прилозите, како носители на информативното јадро се јавуваат субјекти категоризирани во методолошката категорија *„други субјекти"*, какви што се: списанието Вог, Добитниците на наградата „23 Октомври", американскиот весник „The Hill", Република, магазинот Форбс, Хистид Лимитед, Сити Мол, GS1 Македонија, Марко Марковиќ македонски претставник на натпреварот на Мајкрософт офис, Филмски фестивал Џифони, МПЦ, Италијански кардиохирурзи, „Детектив-објектив", Универзитет „Мајка Тереза", Стопанска комора на Северозападна Македонија, Болница „Филип Втори", Дрекселмаер, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања при УКИМ, Градежен факултет, Драмски театар, МПЦ, ССК,

Визер, Студио М-Кутур, Институт за тутун, Сковин, МАНУ, Стопанска комора, менаџер по внатрешна архитектура, Христијанско-адвентистичка црква итн.

Наредна е Владата која, освен со прилозите од редовните активности и одбележувањето на 23 Октомври, е присутна и преку прилози со позитивен контекст за нејзините проекти, активности, политики и резултати. Такви се прилозите: на 25 октомври „Доделени решенија за исплата по мерки од програмата за конкурентност“ (42 секунди) и „Реновирана амбулантата во општата болница Куманово“ (52 секунди); на 26 октомври „Влада: „Дуинг Бизнис“ – доказ за спроведените реформи“ (2 минути и 59 секунди), „Пелагонискиот регион ги отвора вратите за бизнисмените од Измир“ (2 минути и 21 секунда), „Нова градинка за децата од Горно Лисиче“ (1 минута и 54 секунди) и „Подвижна аптека“ – бенефит за близу половина милион граѓани“ (1 минута и 8 секунди); на 27 октомври „Спасов: Поддршката за новите бизниси клучна за пад на невработеноста“ (1 минута и 16 секунди), „Прв академски час на новиот универзитет „Мајка Тереза“ во чиј состав има пет факултети“ (2 минути и 25 секунди), „Се возобновуваат конаците на Трескавец“ (2 минути и 33 секунди); на 28 октомври „Завршени се 80% од работите за обнова на автопатот Смоквица – Гевгелија“ (1 минута и 32 секунди), „Поддршка за жените претприемачи – грантови за ширење на бизнисот“ (51 секунда) и „Промовирана обновена фасада во старата скопска чаршија“ (35 секунди); на 29 октомври „8 Септември“ доби најсовремен центар за физикална и хидротерапија“ (1 минута и 38 секунди); на 30 октомври „Нова опрема на Клиниката за онкологија“ (1 минута); на 31 октомври „Штедните влогови сигурни, банкарскиот сектор во Македонија е стабилен и ликвиден“ (2 минути и 28 секунди). Освен ова, има и прилози во кои како субјект не се појавуваат претставници на централната власт, туку позитивниот контекст се обезбедува преку други субјекти (органи на државната управа, стопанственици и сл.).

Трета по застапеност е ВМРО ДПМНЕ за која освен преку извештаи од активности, прес-конференции, соопштенија, реакции на терен има и прилози во позитивен контекст (опишани подолу).

Следуваат субјектите од странство – политичари, амбасадори, организации, институции сл.

Веднаш зад нив е СДСМ за која во информативните жанрови (обично со неутрален тон) се известува за активности, реакции, критики за власта и ВМРО ДПМНЕ. На критиките понекогаш одговараат надлежни институции. Кај прилозите со аналитички жанрови има негативен тон за СДСМ.

По временската застапеност следуваат органите на државната управа и јавните претпријатија, граѓаните како извори на информации (кои методолошки се водат во категоријата *„без субјекти“*), па организациите од граѓанскиот сектор.

Присуство поголемо од 10 минути има и локалната самоуправа за која се известува и преку прилози со позитивен контекст. Вакви примери се: на 22 октомври „Инфраструктурните проекти во гевгелиско во завршна фаза“ (1 минута и 32 секунди); на 23 октомври „Огромен интерес кај граѓаните за субвенциите за греење на пелети“ (2 минути и 32 секунди); на 26 октомври „Нова градинка за децата од Горно Лисиче“ (1 минута и 54 секунди); на 27 октомври „Крводарителска акција во општина Карпош, крв 12 пати дари и градоначалникот Јакимовски (52 секунди); на 28 октомври „Град Скопје најавува обнова на Луна парк, набавка на електро-автобуси (1 минута и 42 секунди), „Припор ќе добие повеќенаменско игралиште“ (26 секунди); на 30 октомври „Денови на општина Карпош – засадени 100 дрвја“ (1 минута и 57 секунди). За општини предводени од опозицијата има еден ваков прилог - на 29 октомври „Заев: Отвораме сегашност и иднина за младите во Македонија“ (56 секунди).

Што се однесува до информирањето за активностите на други политички партии/субјекти, нив ги има, но со мала временска застапеност. Станува збор за прилози во кои се информира за: ДУИ, ДПА-ДР, Беса, Демократски сојуз, ДПА, СПМ и ГРОМ.

ТВ Алфа донела уредничка одлука во централното дневно-информативно издание да не ја информира својата публика за актуелни настани од интерес за јавноста (на пример, за наводите за сообраќајни прекршоци на дополнителниот заменик - министер за труд и социјална политика Диме Спасов).

Според директните обраќања (Табела 2), прва е збирната категорија *„други субјекти“*, потоа (со мала разлика меѓу себе) следуваат СДСМ, Владата и ВМРО ДПМНЕ.

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ АЛФА | Траење | Процент |
|---|---|---|
| ДИК и други органи | 00:00:37 | 0,74 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:11:39 | 13,99 % |
| Други субјекти | 00:14:22 | 17,25 % |
| СДСМ | 00:12:54 | 15,49 % |
| Локална самоуправа | 00:03:52 | 4,64 % |
| Влада на РМ | 00:12:25 | 14,91 % |
| Граѓански сектор | 00:06:10 | 7,40 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:05:03 | 6,06 % |
| Специјално обвинителство | 00:00:36 | 0,72 % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:47 | 2,14 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:16 | 1,52 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:17 | 0,34 % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:28 | 0,56 % |
| ДПА-ДР | 00:00:34 | 0,68 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:59 | 5,98 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:01 | 1,22 % |
| Претседател на РМ | 00:01:59 | 2,38 % |
| Судство | 00:00:32 | 0,64 % |
| Демократски сојуз | 00:00:24 | 0,48 % |
| Привремена комисија | 00:01:16 | 1,52 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:29 | 0,58 % |
| ГДОМ | 00:00:37 | 0,74 % |
| **Вкупно:** | **01:23:17** | **100** % |

Во овој извештаен период, ТВ Алфа ги изнесува своите ставови преку аналитички жанрови – осврти и коментари, како и во коментаторски извештаи или во написи пренесени од други медиуми.

Во коментаторскиот извештај „Катица Јанева призна дека го вработила внукот во СЈО, експертите критикуваат“ (2 минути), објавен на 22 октомври, медиумот ја преразгледува кадровската политика на СЈО во светло на изјавата на Јанева, дадена во интервју за Топ тема на ТВ Телма, дека го вработила својот внук. На нејзината изјава е спротивставена изјавата на аналитичарот Сотир Костов.

На 23 октомври во „Американскиот весник „The Hill“ посвети цела колумна за работата на Груевски“ (2 минути и 45 секунди) пренесени се извадоци од текстот објавен во американскиот весник, со позитивен тон за ВМРО ДПМНЕ и нејзиниот претседател Никола Груевски.

На 24 октомври се емитува преземен/симулиран коментар „Република: Ексклузивно: Еве го планот на СДСМ и СЈО до крајот на изборите“ (3 минути и 46 секунди), со негативен тон за СДСМ и СЈО. Во него се тврди дека партијата, соочена со низок рејтинг, и обвинителството, соочено со скандали, политичката битка пред изборите ќе ја водат преку отпочнување постапки и покренување обвиненија против челници од ВМРО ДПМНЕ и од ДУИ. ТВ Алфа наведува дека се обидела да добие став од СЈО за написот на „Република“, но до почетокот на вестите не добила.

На 25 октомври, во двата први прилози во Вестите се пренесуваат извадоци од интервјуто на „Форбс“ со Никола Груевски, со позитивен тон за ВМРО ДПМНЕ и Груевски. Станува збор за: „Груевски во „Forbes“ – угледниот магазин прогнозира победа на ВМРО ДПМНЕ (2 минути и 28 секунди) и „Груевски за „Forbes“: Ја намаливме невработеноста од 38% на 24%“ (56 секунди).

Истиот ден, подоцна во вестите пренесен е написот „Press 24: Истражителот што неовластено фотографирал бил придружуван од приватен детектив" во кој се прави осврт на настаните од пред неколку дена кога истражител на СЈО и приватен детектив беа приведени од Полицијата. Се потсетува на текот на настанот, се информира дека скопското Основно јавно обвинителство отворило постапка, се пренесуваат изјава од Катица Јанева и од ОЈО.

Веднаш по овој прилог, се емитува и симулираниот/преземен коментар „Република: Јанева и Заев во постојана комуникација преку посредници" (3 минути и 12 секунди) во кој се повторуваат тврдењата од коментарот преземен од „Република" на 24 октомври, надополнет со изјава од универзитетската професорка Иванка Додовска и аналитичарот Александар Пандов. И во преземениот дел од прилогот и во делот дополнет од Телевизијата има негативен тон за СЈО и за СДСМ. Непосредно по прилогот емитувана е реакцијата на СЈО „Република прави обид за наша дискредитација" (1 минута и 4 секунди).

На 26 октомври во коментарот „Молк во СЈО за приватниот детектив" (2 минути и 37 секунди) ТВ Алфа ја преразгледува законитоста на постапката на СЈО за испраќање истражител и приватен детектив на задача. Притоа се сопоставуваат изјавите на Јанева со ставовите на ОЈО, како и со информации од полициски експерти.

На 27 октомври во „Македонија најдобро рангирана во областа „започнување на бизнис" – се наоѓаме на високото 4. место во светот" (3 минути) Телевизијата уште еднаш се осврнува на веста од претходниот ден за рангирањето на Македонија во извештајот „Дуинг бизнис", со изјави на Ристе Самарџиев, сопственик на Кликон и Јасмина Поповска, директорка на Фондот за иновации и технолошки развој.

Подолу во Вестите, има уште еден осврт „Јавноста од СЈО и Јанева чека одговор за ангажманот на 'Детектив објектив'" (2 минути и 43 секунди) во кој, во низа, се истражува кој е „Детектив објектив" и дали бил ангажиран од СЈО, се потсетува на настаните околу приведувањето на истражителот на СЈО и приватниот детектив, и се информира дека ТВ Алфа сè уште чека одговори од Обвинителството околу ангажманот на детективот.

28 октомври има уште еден осврт на десеттото место на Македонија во извештајот „Дуинг бизнис", „Мизо: Нови инвестиции поттикнати од рангирањето во Doing Business" (2 минути и 13 секунди) со изјави од Виктор Мизо, директор на ТИРЗ и Даниела Арсовска, претседателка на ССК.

За распитот на министерката за култура Елизабета Канческа – Милевска во врска со случајот „Тендери" се известува во коментаторски извештај „СДСМ најавува нови процеси на СЈО" (1 минута и 38 секунди) во кој тежиштето е ставено на дел од интервју на потпретседателот на СДСМ Александар Кирацовски за „Фокус". Во најавата се вели: „СДСМ најавува нови процеси на СЈО. Од опозициската партија тврдат дека наскоро многу сериозни предмети ќе стигнеле во рацете на судиите. Министерката за култура, пак, вели дека Специјалното обвинителство правело политички театар без конкретни докази". Прилогот почнува со реферирање на изјавата на Кирацовски - „Ве уверувам дека за скоро време сериозни предмети ќе стигнат во рацете на храбри судии кои секојдневно се одважуваат". Потоа се пренесува и се емитува изјавата на Канческа – Милеска по распитот за тоа дека станува збор за политички театар во кој СЈО се вклучува за да даде „силна поддршка на Социјалдемократскиот сојуз" до изборите.

На 29 октомври во „Forbes: Груевски – силен и прагматичен лидер кој ќе победи на изборите" пренесен е написот на списанието со изјава на Груевски за „Форбс" и со позитивен тон за ВМРО ДПМНЕ И Никола Груевски.

За објавувањето на избирачкиот список и бројот на гласачи од страна на ДИК, медиумот, на 30 октомври известува преку коментар „Официјално: Македонија има 1.783.715 гласачи, нема 500.000 фантоми" (2 минути и 38 секунди). Најавата гласи: „Откако Државната изборна комисија го објави вкупниот број на луѓе со право на глас на сегашните избори, и официјално паднаа во вода шпекулациите за наводни фантоми со кои со години оперираше СДСМ и особено партискиот лидер Зоран Заев кој прво тврдеше дека списоците имаат вишок од 500 000, па од 300 000, па од 200 000 гласачи". Во прилогот се вели дека изјавите на Заев целосно ги побила ДИК, по што се пуштаат постари изјави од Зоран Заев каде тој наведува најразлични броеви за тоа колку вкупно гласачи има, односно колку има т.н. „фантомски гласачи". Потоа се пушта изјавата

на портпаролката на ДИК Љупка Гугуческа. По ова се емитуваат снимки со изјави со различни бројки за гласачите на претставниците на СДСМ Дамјан Манчевски и Оливер Спасовски.

На 31 октомври се емитува коментарот „Експертите порачуваат: СЈО да учи од најдобрите. Пример – односот на ФБИ кон Клинтон наспрема третманот на Јанева на Верушевски и Заев" (2 минути и 48 секунди), со негативен тон за Специјалното јавно обвинителство. Во прилогот има изјава од Тања Каракамишева, универзитетска професорка, која вели дека СЈО треба да учи од односот на ФБИ кон Хилари Клинтон, дека Обвинителството е најсилен инструмент на СДСМ, дека обвинителите на СЈО „со уцени ги тераат луѓето да даваат лажни искази за одредени предмети кои СЈО политички ги конструирал". Потоа се потсетува на изјавата на ВМРО ДПМНЕ дадена од Антонио Милошоски претходниот ден „СЈО и СДСМ да престанат со притисоците кои во последно време се интензивираат врз членовите на партијата". На крајот повторно се наведува дека „спрегата меѓу СДСМ и СЈО деновиве беше потврдена и од потпретседателот на социјалдемократите Кирацовски кој за следниот период најави дека многу сериозни предмети од СЈО ќе се најдат во рацете на Кривичниот суд".

**Член 75-б од Изборниот законик**

Во шестиот извештаен период (22 до 31 октомври 2016 година), на ТВ Алфа има мноштво прилози за активности на власта кои имаат позитивен контекст (опишано погоре), а во следниве прилози власта се поврзува со политички субјект:

***Алфа Вести во 17:30 часот 22.10.2016***

17:33:25 - 17:35:01 телоп: Патната инфраструктура ќе се реконструира со дури 400 милиони евра" - претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, говори за изборни ветувања и тековни проекти во придружба на градоначалниците на Скопје Коце Трајановски и на Општина Кисела Вода Билјана Беличанец-Алексиќ.

17:41:00 – 17:42:02 „Се продолжува булеварот „Србија" во општина Кисела Вода" - Коце Трајановски, градоначалникот на Скопје и Никола Груевски, претседател на ВМРО-ДПМНЕ зборуваат за реализација на проекти на локалната самоуправа и за тоа дека биле ветени во партиската програма.

***Алфа Вести во 17:30 часот 23.10.2016***

17:42:00 – 17:43:52 „Почна изградбата на бункер за линеарен акцелератор во ГОБ „8 Септември" – камен-темелникот го поставуваат Никола Груевски, претседател на ВМРО-ДПМНЕ и Никола Тодоров, министер за здравство.

***Алфа Вести во 17:30 часот 29.10.2016***

17:45:09 - 17:45:51 Прилог за партиска активност на Спиро Ристовски од ВМРО ДПМНЕ, кој во изјавата вели „Ние како Министерство ќе продолжиме и понатака да ги реализираме сите активности коишто досега сме ги реализирале...".

***Алфа Вести во 17:30 часот 30.10.2016***

17:42:36 - 17:45:36 Партиска активност – Груевски: За 10 години 160.000 работни места, одиме натаму! - претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски во придружба на градоначалникот на Гевгелија, говори за актуелни проекти, за кои се вели дека се проекти на партијата.

***Сектор за програмски работи***